**20242183771**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 октомври 2024 година.

Бр. 08-5049/1
22 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Член 1

Во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 63/24 и 74/24), во членот 28-б став (4) зборовите: „информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „дигитална трансформација“.

Член 2

Во насловот пред членот 30 зборовите: „Казнени одредби“ се заменуваат со зборовите: „Прекршочни одредби“.

Член 3

Во член 30 ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец-поединец за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.“.

Член 4

Во член 31 ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец-поединец за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.“.

Член 5

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

„Член 31-а

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.